

# Commonwealth Respite and Carelink Centre/CarerLinks North Поддршка на негуватели на лица со попреченост

## Водич за услугите на Commonwealth Respite & Carelink Centre / CarerLinks North за негуватели на лица со попреченост (disability) во северното градско подрачје

### Commonwealth Respite & Carelink Centre / CarerLinks North е:

• Под покровителство на Merri Community Health Services (порано Moreland Community Health Service)

• Работи во северното градско подрачје од 1997 година и е базиран во Престон

• Покрива седум подрачја на локална управа: Даребин, Бањуле, Ниламбик, Витлси, Јара, Морленд и Хјум - освен Санбери (само програми за ментално здравје)

### Поддршка на негуватели на лица со попреченост

• Програмата за поддршка на негуватели на лица со попреченост на Commonwealth Respite & Carelink Centre/ CarerLinks North е финансирана од викторискaта и федералната влада

• Финансирањето има за цел на негувателите

да им пружи низа флексибилни можности за починка (respite)

• Тимот за поддршка на негуватели на лица со попреченост е составен од водач на тимот и два работника за починка.

### Услуги на располагање на негувателите

#### 1. Тим за информации и реагирање

Услугите што ги дава тимот за информации и реагирање вклучуваат:

• Информации за можностите за починка на негуватели

• Телефонска процена врз основа на утврдени потреби на негувателот

• Флексибилно финансирање на починката и други релевантни услуги

• Емоционална поддршка на негуватели

• Координирање на упати за релевантни услуги

• Информации за резиденцијална починка, вклучувајќи итна починка (emergency respite).

### Што е починка?

Починката (respite) им овозможува на негувателите одмор од нивната вообичаена негувателска улога и е од голема важност за нивното здравје и добросостојба.

Починката ослободува време за:

• Вршење други работи.

• Посветување време на други членови на семејството

• Посветување време на себеси.

### Услуги за негуватели на лица со попреченост

• Телефонски информации за службите за починка

• Упати и поддршка заради овозможување починка преку служби за попреченост и редовни служби

Merri Community Health Services

CarerLinks North

• Помош за обезбедување краткорочна починка

• 24-часовна помош за итна починка (emergency respite)

• Упати за работници за починка (Respite Pathways Workers).

## Работниците за починка даваат:

• Информации и ресурси

• Емоционална поддршка

• Поддршка во подготвувањето акциони планови за починка

• Упати и поврзување со други служби за попреченост и редовни служби за починка

• Финансирање на краткорочна починка.

## Процес на упатување

Ве молиме стапете во контакт со тимот за информирање и реагирање по телефон или по е-пошта.

Даватели на услуги треба да пополнат SCTT формулар, вклучувајќи го 'Part B' на негувателскиот формулар за упатување (Carer referral form).

## Како да стапите во контакт со Commonwealth Respite and Carelink Centre/ CarerLinks North

Вие може да стапите во контакт со службата по телефон, факс или е-пошта:

Телефон: 1800 052 222 или (03) 9495 2500

Факс: 9495 2599

По работно време: 1800 052 222

Е-пошта: clnintakeworkers@mchs.org.au

Интернет страница: www.mchs.org.au

## Работно време:

Понеделник до петок од 9.00 наутро до 5.00 попладне

Исто така е на располагање служба за реагирање по работно време.

Merri Community Health Services

Објавено во август 2010
За повеќе информации или ако ви треба состанок, јавете се на Merri Community Health Services.

www.mchs.org.au